**ПРАКСИС пречистен текст**

**ЗАКОН ЗА ЗАБРАНА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА НЕРЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20)

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

## Член 1

Со овој закон се уредува што се смета за вршење на нерегистрирана дејност, исклучоците за тоа што не се смета за вршење на нерегистрирана дејност, соучесниците во вршењето на нерегистрирана дејност, надлежните органи за постапување при спречување и заштита од појавата на нерегистрирана дејност, инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон, управните мерки за заштита, како и прекршочните одредби.

## Член 2

Одредбите од овој закон нема да се применуваат на вршење на нерегистрирани дејности кои се санкционирани со закони кои ја регулираат областа на даноците.

## Член 3

Одредбите од овој закон се однесуваат и на правни и на физички лица кои имаат седиште или престојувалиште надвор од територијата на Република Северна Македонија, а својата дејност ја вршат на територијата на Република Северна Македонија преку подружница.
Значење на изразите употребени во овој закон

## Член 4

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

- „Правно лице'' во смисла на овој закон е задруга, установа и друго лице со правен субјективитет кое врши дејност;

- „Физичко лице'' во смисла на овој закон е физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност, лице кое врши услуги или слободни занимања и друго физичко лице кое врши дејност;

- „Работа за сопствени потреби'' е активност која непосредно ја извршуваат одговорните лица или вработените во правното лице или физичкото лице кое врши регистрирана дејност заради одржување, поправка или подобрување на работните простории кои се во сопственост или под закуп ги користи правното или физичкото лице, како и отстранување и спречување на дефекти на подвижни предмети кои се во сопственост или кои под закуп ги користи правното или физичкото лице. Како работа за сопствени потреби на физичко лице ќе се смета и градба наменета за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 во сопственост на физичкото лице;

- „Семејна помош'' е активност која непосредно ја врши физичкото лице во корист и за интерес на лицето со кое е во роднинска врска или однос на старателство, како и на лицето со кое живее во заедничко домаќинство, без оглед на тоа дали се во роднинска врска или старателство;

- „Регистар на други правни лица" е регистарот кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, согласно Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица;

- „Соседска помош'' е вршење на работа помеѓу соседите кога помеѓу нив постои близина на живеење до 300 метри во урбаната средина, односно во рамките на исто населено место во руралната средина, без склучен договор за работа, односно работата се врши без паричен надоместок или друга материјална корист, истата не се врши редовно, не се врши од страна на правни или физички лица регистрирани за таа дејност и работата не се врши како одговор на објавен оглас.

# II. ВРШЕЊЕ НЕРЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ

## Член 5

Се забранува вршење на нерегистрирана дејност на правни и физички лица утврдена со овој закон.

## Член 6

(1) За нерегистрирана дејност во смисла на овој закон се смета:

- вршење на дејност од страна на правно лице која не е запишана во посебните регистри утврдени со закон, освен трговскиот регистар;

- вршење на дејност од страна на правно лице без да поседува законски пропишан акт/и за исполнување на условите за вршење на регистрирана дејност издаден/и од надлежен орган согласно закон;

- вршење на дејност од страна на физичко лице која не е регистрирана кај надлежен орган;

- вршење на дејност од страна на физичко лице без да поседува законски пропишан акт/и со кој ги исполнува условите за вршење на регистрирана дејност издаден/и од надлежен орган согласно закон и

- кога правното или физичкото лице врши дејност спротивно на забраната на вршење дејност изречена од надлежен орган.

(2) Согласно ставот (1) на овој член, нема да се смета за вршење на нерегистрирана дејност вршењето на други активности кои што се потребни за извршување на дејноста која е запишана во трговскиот или друг со закон предвиден регистар или вообичаено се извршуваат заедно со регистрираната дејност.

(3) Согласно ставот (1) на овој член, нема да се смета за вршење на нерегистрирана дејност повременото вршење на активност за која со закон е исклучена обврската за регистрација на дејноста кај надлежен орган.

(4) Согласно ставот (1) на овој член, нема да се сметаат за вршење на нерегистрирана дејност следните активности: работа за сопствени потреби, семејна помош, соседска помош, продажба на лични користени предмети, работа која се врши без финансиски надоместок или друга материјална корист и ако работата не се извршува редовно, како и објавувањето, изведувањето и презентирањето на творештвото на уметниците.

(5) Согласно ставот (1) на овој член, нема да се смета за вршење на нерегистрирана дејност, дејноста која ја вршат физички лица преку продажни места на организирани

зелени пазари, кои се запишани во регистарот на Управата за јавни приходи и се оданочуваат паушално за дејноста што ја вршат.

(6) Согласно ставот (1) на овој член нема да се смета за вршење на нерегистрирана дејност и извршувањето на нужна работа за спречување на несреќи или отстранување на последици од природни и други несреќи.

(7) Согласно ставот (1) на овој член нема да се смета за вршење на нерегистрирана дејност и услуга извршена за потребите во домаќинството.

(8) Согласно ставот (1) на овој член нема да се смета за вршење на нерегистрирана дејност и вршење на работи кои се надвор од дејност на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа, а за кои работодавачот склучува договор со определено лице.

## Член 7

(1) Правното или физичкото лице кое овозможува вршење на нерегистрирана дејност согласно членовите 6 и 8 од овој закон се смета за соучесник во вршењето на нерегистриранаата дејност.

(2) За соучесник во вршењето на нерегистриранаата дејност ќе се смета и физичко или правно лице кое нарачува или посредува во вршење на нерегистрирана дејност, ако физичкото или правното лице знаело или можело да знае дека станува збор за вршење на нерегистрирана дејност.

# III. ОГЛАСУВАЊЕ

## Член 8

(1) При нарачувањето на оглас, нарачателот е должен да наведе податоци за идентификација: тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија за регистрација на соодветната дејност или документ за регистрирана дејност, односно доказ за упис во соодветен регистар на дејност за физички лица.

(2) Се забранува објавувањето на оглас доколку нарачателот на огласот не достави податоци за идентификација согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Субјектот кој го врши огласувањето има обврска за чување на податоците за идентификација во рок од една година од објавување на огласот.

(4) Субјектот кој го врши огласувањето има обврска на барање на органите на надзор да им дозволи да извршат увид во податоците за идентификација на нарачателот  на огласот.

(5) Ако огласувачот не постапи согласно овој член се смета за соучесник.

(6) Одредбите од овој член не се однесуваат на продажба на лични користени предмети од страна на физички лица преку огласување.

# IV. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

## Член 9

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон ќе вршат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа и тоа Државниот инспекторат за труд, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, овластен градежен инспектор и овластен урбанистички инспектор при Единиците на локалната самоуправа, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен просветен инспекторат, Државен управен инспекторат, Државен испекторат за локална самоуправа, Државен инспекторат за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, овластените инспектори за животна средина на општините во Градот Скопје и овластените инспектори за животна средина на Градот Скопје, секој во однос на одредбите од овој закон за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот од ставот (1) од овој закон утврди дека субјектот на инспекциски надзор постапил спротивно на одредбите од членовите 13 и 14 од овој закон, е должен за сторената неправилност и сторениот  прекршок  да состави записник согласно со закон и со решение на  субјектот на инспекциски надзор му изрече опомена како инспекциска мерка и  му определува рок во кој е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците.

(3) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците се уште не се отстранети, со решение изрекува инспекциска мерка наредба за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

(4) Решението од ставовите (2) и (3) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот, согласно со закон.

(5) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности согласно со закон или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот, согласно со закон.

(6) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение, наведено во записникот, согласно со закон.

(7) Во случајот од ставот (6) на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во ставот (4) на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.

(8) Против решението од ставовите (2), (3) и (7) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со закон.

(9) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставовите (2), (3) и (7) на овој член.

(10) Органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (1) на овој член, водат електронска евиденција за изречените опомени и прекршоците, согласно со овој закон.

(11) За изречените опомени од ставот (1) на овој член, констатираната состојба и исходот од поднесените прекршочни барања доставуваат извештај до Инспекцискиот совет.

(12) Формата и содржината на актот од ставот (8) на овој член, ја пропишува функционерот кој раководи со органот на државната управа.

# V. УПРАВНИ МЕРКИ

## Член 10

(1) Кога е спроведен инспекцискиот надзор од членот 9 од овој закон, ако надлежниот инспектор на самото место констатира дека правното или физичкото лице и понатаму врши нерегистрирана дејност, составува записник за утврдената фактичка состојба и донесува решение за забрана на вршење на нерегистрираната дејност до денот на регистрацијата кај надлежниот државен орган, во кое се утврдува рокот за регистрација кој не може да биде подолг од 30 дена.

(2) Доколку правното или физичкото лице неовластено го отстрани запечатувањето на работните простории или простории од деловен карактер, инсталациите, уредите и другата опрема за работа или опрема која е наменета за работа или за друг погоден начин, соодветно ќе се применуваат одредбите од Кривичниот законик кои се однесуваат на симнување на службен печат или знак.

(3) Решението од ставот (1) на овој член се извршува без одлагање по извршениот инспекциски надзор со запечатување на работните простории или простории од деловен карактер, инсталациите, уредите и другата опрема за работа или опрема која е наменета за работа или за друг погоден начин. Кога околностите на случајот тоа го бараат, запечатувањето на работните простории или просториите од деловен карактер по исклучок може да се спроведе најдоцна во рок од три дена од денот кога е извршен инспекцискиот надзор односно од денот кога е издадено решението.

(4) Инспекциските служби во органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа надлежни за работите на инспекциски надзор се должни да соработуваат и разменуваат податоци со Министерството за финансии - Управата за јавни приходи заради утврдување и пресметување на даночните обврски на субјектите кои вршат нерегистрирана дејност.

(5) Министерството за финансии - Управата за јавни приходи во вршење на работите од својата надлежност во даночна постапка кај нерегистрирани даночни обврзници е должна за истото да достави известување до органите на државната управа надлежни за работите на инспекциски надзор.

(6) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

(7) Жалбата од ставот (6) на овој член се изјавува до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

# VI. ПОРАМНУВАЊЕ

## Член 11

(1) Ако надлежниот инспектор утврди прекршок за прекршоците од членовите 13 и 14 од овој закон, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, е должен на физичкото лице - субјект на инспекциски надзор на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

# VII. ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

## Член 12

(1) Ако при инспекцискиот надзор се утврди повреда на членовите 6, 7 и 8 од овој закон на сторителот на прекршокот – правно или физичко лице привремено ќе му се одземат предметите, опремата и средствата со кој е направен прекршокот или настанале како резултат на сторување на прекршокот.

(2) За одземените предмети, опрема и средства инспекцискиот орган на сопственикот му издава потврда за привремено одземените предмети, опрема и средства и е должен да му ги предаде на надлежниот суд за понатамошно постапување.

# VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 13

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на среден работодавач - правно лице и глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на голем работодавач - правно лице, ако:

- врши дејност која не е запишана во другите посебни регистри, утврдени со закон, освен во трговскиот регистар (член 6 став (1) алинеја 1 од овој закон),

-  нема со закон пропишан акт за исполнување на условите за вршење на дејност, согласно со закон (член 6 став (1) алинеја 2 од овој закон),

- на друго лице, како соучесник, му овозможува извршување на нерегистрирана дејност (член 7 став (1) од овој закон),

- е соучесник во вршење на нерегистрирана дејност (член 7 став (2) од овој закон),

- како нарачател, не достави податоци за идентификација (член 8 став (1) од овој закон),

- јавниот оглас на нарачателот е објавен без потребните податоци за регистрирана дејност, согласно со овој закон  (член 8 став (2) од овој закон),

- податоците за идентификација користени при огласувањето, не се чуваат во пропишаниот рок (член 8 став (3) од овој закон) и

- не дозволи на надлежните органи да извршат увид во податоците за идентификација, согласно со овој закон (член 8 став (4) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на среден работодавач и глоба во износ 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

# Член 14

Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

- врши дејност која не е регистрирана кај надлежен орган (член 6 став (1) алинеја 3 од овој закон),

- врши дејност за која нема со закон пропишан акт (член 6 став (1) алинеја 4 од овој закон) и

- врши дејност спротивно на забраната за вршење на дејност (член 6 став (1) алинеја 5 од овој закон).

## Член 15

За прекршоците утврдени со членовите 13 и 14 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## Член 16 е избришан.

## Член 16-а е избришан.

## Член 17 е избришан.

# IX. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

## Член 18

(1) Одредбата од член 10 став (7) од овој закон ќе отпочне да се применува од денот на отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14).

(2) До отпочнувањето на примената за Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14), жалбата против решение за забрана на вршење на нерегистрираната дејност се изјавува до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

## Член 19

Законите со кои е уредена надлежноста на органите од членот 9 од овој закон во врска со нерегистрираната дејност ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

# Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија'', а ќе отпочне да се применува во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.